РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-2107/4
11-09-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 01.06.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 38-та седница одржано на 10.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 01.06.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2107/1 од 01.06.2020 година, во која се укажува на сомневање за незаконски објавен оглас за избор на членови на Советот на јавни обвинители за време на вонредна состојба.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2107/1 од 01.06.2020 година.

Предметот со број 12-2107/1 од 01.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2107/1 од 01.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски објавен оглас за избор на членови на Советот на јавни обвинители за време на вонредна состојба. Согласно наводите во пријавата, се работи за намерно изигрување на целта на новиот закон, а тоа е да се обезбеди објективност и независност на јавните обвинители, што според подносителот го потврдуваат сознанија дека дел од кандидатите – досегашни членови на Советот што се јавиле на овој оглас, според новиот закон не можат по втор пат да се кандидираат.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија да достави целосна информација со прилог целокупна документација за објавениот оглас за избор на членови на Советот.

Со доставениот одговор, Советот на јавните обвинители на РСМ известува дека Претседателот на Советот на јавните обвинители на 14.05.2020 година, врз основа на член 14 ст.1 т.1 и т.2 од Законот за

Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.150/07), распишал оглас за избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители поради истекот на мандатот на четворица членови на Советот во текот на месец јули 2020 година, и тоа од подрачјата на ВЈО Скопје, Битола и Гостивар, како и член на Советот од единствената листа на кандидати на јавните обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, со изборни места како за општа листа. Во моментот кога се распишани изборите и за цело време во текот на изборниот процес во правна сила е и се применува Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.150/07). Имајќи ја предвид одредбата од чл.14 ст.1 т.1 и т.2 од законот каде што временскиот рок за распишување на избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители е утврден на 60 дена пред истекот на мандатот, како и член 15 од законот во кој се определени роковите за времетраење на огласот и за гласањето, нужно било изборите да се распишат и да се спроведат согласно законот кој важел во тоа време. Законот за изменување и дополнување на Законот за Советот за јавните обвинители е објавен во Службен весник бр.42 од 16 февруари 2020 година и истиот согласно член 28 од овој закон влегува во правна сила и ќе се применува од 30 јуни 2020 година. Во член 26 од овој закон се наведува дека започнатите постапки за избор на јавни обвинители, како и започнатите дисциплински постапки за јавни обвинители до денот на започнување на примена на овој закон, продолжуваат да се водат со одредбите од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Законот за јавното обвинителство. Во дописот исто така се наведува дека вонредната состојба нема влијание во однос на надлежностите кои ги има Советот на јавните обвинители, истите не се суспендирани, ниту пак е одложена нивната примена врз основа на правен акт.

По разгледување на прилог документацијата, Државната комисија констатира дека сите дејствија во врска со објавениот оглас се преземени во времетраење на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија. Имајќи го предвид ова, како и сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно нема надлежност да се произнесува во врска со постапувањето на државните институции при прогласена вонредна состојба.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**